Виолета АЧКОСКА

# КУЛТУРАТА НА СЕЌАВАЊЕ И СЕЌАВАЊЕТО КАКО ИСТОРИСКИ ИЗВОР

Сеќавањето е дел од човековото постоење. Тоа е специфичен облик на психолошко, социјално, биолошко итн. опостојување низ димензиите на историското време: минато, сегашност и иднина. Притоа, историското паметење е посебен вид сеќавање кое го обликуваат три главни посредници: примарното искуство, културата на сеќавање и историската наука. Тоа се, всушност, појавните облици на ова паметење кое се движи на релација од индивидуално кон колективно и организирано паметење. Примарното искуство, како лично доживеано минато, односно личното сеќавање, го штити идентитетот на поединецот, за разлика од културата на сеќавање која го претставува колективното сеќавање. Ова сеќавање претставува хомогенизирачки фактор кој истовремено ја одразува целата сложеност на општеството. Колективното сеќавање, најчесто, добива форма на институционализација како своевидно службено (организирано) сеќавање кое може да биде дивергентно или конвергентно со личното сеќавање. Организираното сеќавање (паметење) се развива од усно пренесување, преку печатените книги до денешните електронски посредници. Историјата на помнењето зависи како од техниките на општење, така и од техниките на владеење. Иако е содржински поширока, културата на сеќавање ја определува историската култура[1].

Секој човек живее со своето (индивидуално) и со заедничкото сеќавање (колективната меморија) на заедницата каде што припаѓа. Автентичните цивилизации си создавале посебен вид култура на сеќавање проткаена со многуслојност и селективност кон она што е вредно да се запомни и остави како сознание и сведоштво за идните генерации. Тоа произлегува од фактот што во различно време и во различен историски контекст и простор, односно специфична

---

[1] Kuljić, Todor, 2006. Kultura sećanja: teorijska objašnjenja upotrebe prošlosti, Beograd: Čigoja, 17.

општествена рамка, биле различни и потребите за континуитет/дисконтинуитет со минатото.

Таков изразен дискунтинитет се случува во пресвртни историски моменти кога радикално се расчистува со претходното историско наследство (социјално, политичко, културно итн.). Така, на пример, во Република Македонија по Втората светска војна (односно авнојска Југославија) се руши сето она што претходно било создадено или егзистирало на политички, идеолошки, културен и друг план со истовремено вградување на нов политички систем со целокупната негова идеолошка и духовна сфера на вредности. Се расчистува со „мрачното" капиталистичко наследство во името на светлата иднина, при што целокупното историско сеќавање е насочено кон истакнување на негативностите на претходниот систем и истакнување на предностите на новиот систем, односно давање легитимитет на владејачката Комунистичка партија и на нејзината власт како историски нужна и неизбежна.

Во текот на историјата се менувале не само човековите цивилизации, туку се менувал и статусот на меморијата во зависност од потребите на актуелната сегашност, од владејачките сили кои наметнувале свои критериуми за оценка/преоценка на минатото, своите посебни интереси како општи барајќи потпора за своите вредности и смисла на дејствување. Со други зборови, минатото се менува затоа што се менува и визијата на иднината, а историската свест е променлив посебен образец на усогласувања на искуствата и очекувањата[2]. Најизразити примери на ваквото тврдење можат да се најдат во сите постсоцијалистички општества каде што радикално се расчистува со многу толкувања и табуа од минатото, особено со повеќедецениската принудна колективна амнезија за извршените злосторства од комунистичките режими[3].

Самата култура на сеќавање како современа научна дисциплина е насочена кон тоа да ги објаснува механизмите на конструирањето на смислата на минатото, т.е. сообразувањето на минатото со интересите на владејачката група со посредство на селективен избор, своевидно толкување и поврзување на содржините од минатото. Во тие рамки е битен начинот на изложување (нарацијата), изборот, поврзувањето и

---

[2] Kuljić, Todor. 2006. ibid, 13.

[3] Петреска, Даринка, Ачкоска, Виолета. 2007. Осознавање на историјата, Скопје: Филозофски факултет, 232-233.

осмислувањето на растргнатите содржини во дадените општествени рамки кои се погодни за оживување на сеќавањето за одделни настани, личности, појави[4].

Сепак, од митолошките и божествените прикази, епските пеења на старите цивилизација, усните истории на африканските племиња, од првите писмени бележања на раскажувањето за минатиот живот до последните електронски записи на индивидуалната и колективната меморија како историско сведоштво (специфичен извор на факти за историчарот), постои непроменетата желба на човекот да го зачува своето постоење од заборавот, да остави трага во вечноста како голема недомерлива иднина во која ќе егизстира макар само духовно. Притоа, сеќавањето не е само складиште каде што се чуваат спомените од минатото, туку тоа е сложен зафат во минатото кој секогаш се прави од позициите на новата сегашност. Секоја нова генерација поставува нови прашања пред историјата и во барањето на одговорите прави нова селекција на индивидуалното и на колективното сеќавање. Проблемот се усложнува од фактот што во секојдневието ние се среќаваме со мноштво различни слики од минатото, паралелни, а често и противречни, спротивставени. Речиси секогаш, наспроти службеното сеќавање, главно, насочено кон барање на идентитет на заедницата или легитимитет на владејачката политичка (идеолошка итн.) структура, постојат низа други политички, семејни, идеолошки, генерациски и лични сеќавања. Сето тоа, гледано од аспект на методологијата на историската наука, ја усложнува работата на историчарот во проучувањето и интерпретирањето на минатото, особено на планот на истражувањето на тоталната историја, онаа што е насочена кон севкупноста на човековите минати дејства, а не само кон политичката историја[5].

Уште од најстарите времиња кај сите народи биле присутни настојувањата да им остават на идните поколенија траги од она што се случувало и што се постигнало во нивната средина и пошироката око-

---

[4] Културата на сеќавање ги проучува механизмите на општественото пренесување, обликување, одржување и преработка на минатото. Таа ги развива приодите за проучување на колективните и индивидуалните слики на минатото кое луѓето и групите ги создаваат во одредени ситуации што ги затекле, сакајќи со помош на минатото да ја протолкуваат сегашноста и да создадат визија за иднината. Нејзините истражувачки приоритети се содржани во две општи области: 1) механизмите за наметнување на сликите на минатото; 2) поединечните и групните потреби кои го олеснуваат прифаќањето на минатото (Kuljić, Todor. 2006, ibid, 11).

[5] Види: Петреска, Даринка, Ачкоска, Виолета. 2007, Осознавање на историјата,..., 242-253.

лина. Секоја генерација настојувала историските настани да послужат како искуство и поука за генерацијата која ќе дојде. „Вредноста на историјата е во тоа што, благодарение на неа, учиме што се сторил човекот и заедно со тоа - каков е тој“[6]. Предмет на историјата се луѓето кои биле жртви на социјалниот и националниот инженеринг; на архаичните национални и социјални проекти, неодговорни водачи и себични елити, но кои и самите не биле невини. Токму затоа и сеќавањето е динамично, меморијата доживува трансформации, се селектира или се гледа со други очи на истиот настан само од друга временска димензија. Ерик Хобсбаум тврди дека дури и запомнетото и запишаното минато се менува во светлината на тековната историја. Така, погледот на XX век како целина, на почетокот на XXI век не е истиот како во времето 1989-1991. Со други зборови, историјата на XX век напишана во деведеттите години не може да биде истата како онаа којашто била создадена пред деведесеттите години.[7].

Сеќавањето, меѓу другото, има изразено когнитивна улога како обид за реално осознавање на минатото (како поука), но, истовремено тоа е историски извор без кој не може да постои ни историската наука која поставува прашања за минатото и од нив извлекува одговори во сегашноста како минато во идното време.

Првите облици на меморијата пренесена низ усното раскажување носат митска и боженствена поента. Раскажувањето и усното пренесување на спомените спаѓаат во речиси најстарите извори на сознанија за минатото, покрај материјалните и пишуваните извори. Народите на старите цивилизации на Блискиот Исток, Египет, Кина, Хелада итн. настојувале своите поуки и искуства да ги пренесуваат од генерација на генерација низ повеќе форми на усно раскажување како сказни, легенди, приказни, преданија итн. Ова усно кажување се пренесувало од род на род и тоа продолжува низ историјата и покрај тоа што човекот ги совладал симболите на писмената комуникација. Уште од антиката, покрај раскажувањето и пеењето како облици низ кои се создавала историската свест и историјата, се започнало се повеќе со запишување на усната традиција. Луѓето (од посебен слој: свештени лица, дворски чиновници, писари, писатели) свесно ги бележеле податоците за своите богови и нивната моќ, своите сфаќања за настанокот на потесната заедница и на светот, а потоа и славните настани за спомен на поколенијата, големите дела на одделни моќници и да

[6] Колингвуд, Робин Џ. 1997, Идејата за историјата, Скопје: Култура, 17.

[7] Види: Hobsbaum, Erik. 2002, Doba ekstrema, Istorija Kratkog dvadesetog veka 1914-1991, Beograd: Dereta, 5-20.

го опишуваат животот на својата заедница. На тој начин, постепено, на претставите на минатиот живот, на изминатите историски факти им била дадена повисока форма на изразување во епосот. Епосот (епот) иако во митолошка форма, сепак, ги изразувал и покажувал историските настани. За пример ни служат првите класични епови: индиските епови *Махабхарата* и *Рамајана,* старокинескиот еп *Ши-Кинг* (Книга за песните), хеленските епови *Илијада* и *Одисеја,* потоа *Епот за Гилгамеш,* класичен еп на книжевноста на Месопотамија итн.

Двата големи епови на Хелените чие јадро му се припишува на Хомер (VIII век с.е.), *Илијада* и *Одисеја* (вообличени од X до VIII век ст.е.) претставуваат само дел од големиот циклус легенди околу Тројанската војна кој се пренесувал, раскажувал и пеел низ старите хеленски полиси. Тука судбините на луѓето и боговите се помешани, така што покрај историски факти од времето на Хомер и од периодот пред Хомер, се открива многуслојноста на верувањето, обичаите и животот на луѓето во тие векови[8].

Хомерови епови „Илијада“ и „Одисеја“ одиграле значајна улога во формирањето на колективната историска свест во Хелада и направиле поместување кон порационално сфаќање на минатото. Уште посилно влијание врз раскинувањето со митското сфаќање на минатото направиле грчките прозни писатели од VI век ст.е - логографите. Во нивните дела, и покрај се уште присутното митско прикажување на минатото постои критичност кон многубројните фантастичини раскажувања за историските случувања и барање да се раздели фантазијата од реалноста[9].

По логографите, следуваат, напишани во вид на раскажување на историските настани, и првите историски дела од „таткото на историјата“ - Херодот од Халикарнас (484-425 г.ст.е). Тој го напишал првото значајно историографско дело „Историја“ во кое за првпат доминира рационалистичкото толкување на минатото. Ова дело содржи девет книги и во нив се опишани Грчко-персиските војни. Кај Херодот

[8] Šoljan, Antun. 1980. 100 Najvećih djela svijetske književnosti, Zagreb: Nakladni zavod Matice hrvatske, 13-14.

[9] Логографите собирале и запишувале различни усмени преданија за јуначки дела, настанување на градови, генеологии итн., при што вложувале напори да го оддвелат она што им се чинело невистинито и фантазија од она што можело навистина да се случи, односно не се потпирале само врз она што се раскажувало туку правеле и сопствен рационален избор за текот на случувањата. Меѓу попознатите логографи се: Хекатеј од Милет, Ксант, Лидиец од Сард, Хеланик од Митилена и др. (Види: Станковиќ, Ѓорѓе, Димиќ, Љубодраг, 1996. Историографија под надзором, 1, Београд: Службен лист СРЈ, 31-35).

настаните постепено добиваат историска форма, тие се трансформираат од легенда во историско познавање. Истовремено, кај него се забележуваат и елементи на историска критика, обиди за вистинско претставување на настанот. Во своите истражувања тој разликувал три вида извори: она што го слушнал, она што самиот го видел и она што го заклучил со испитување. Херодот направил и разлика меѓу она што можел да го слушне за некој настан и она што можел сам да го види со своите очи и притоа се потпрел на својот здрав разум. Така, иако уште Херодот појавил сомнеж кон индивидуалните сведоштва/сеќавања, тој нив ги употребил во утврдувањето на одделни историски факти. И целокупната историографија од Херодот до денес ги користи сеќавањата во различен контекст како извори од трет степен или дури како примарни и секундарни доколку за настанот или времето не постојат други историски извори кои се од прв ред или примарни.

Меѓу првите историчари е и Тукидит (460-400 г.ст.е) кој во облик на поучување пишувал за Пелопонеските војни[10]. Тој прв применил посистематско и критичко преиспитување на информациите бидејќи забележал дека извештаите и сведоштвата на различни сведоци на еден настан значително се разликуваат меѓу себе. Тукидит се смета за прв пишувач на историјата во модерна смисла на зборот бидејќи настојувал настаните да ги прикаже во контекст на причините и последиците и се обидел да ги сфати општите принципи на историскиот развој[11].

Усната историја пренесувана од учесници на настаните или нивни сведоци како историско сведоштво и историски извор за пишување на историјата, во текот на времето доживувала различни валоризации во однос на нејзината веродостојност. Истовремено, историчарите го усовршувале методот на нејзината применливост преку критичка анализа на нејзината веродостојност, преку компаративните и други постапки на споредување на искуствата и исказите итн. Притоа, најчесто, како што споменавме, усната историја се употребувала и служела во функција на историската реконструкција на одредени настани, појави,

[10] Види: Колингвуд, Робин Џ. исто, 26-43.

[11] Тукидит, за разлика од својот постар современик Херодот кој повеќе останал на нивото на наративната историографија, прв го поставил клучното прашање"зошто"? пишувајќи ја *Историјата на пелопонеската војна,* ремек дело на антиката, во осум книги, недовршено зашто ги опишува настаните до 411 г.ст.е. Како учесник во оваа војна, иако бил на страната на Атина, тој во голем степен успеал да ја зачува објективноста во прикажувањето (Јовановиќ, Никола. 2001. Лексикон личности у учбеницима историје,Нови Сад: Друштво историчара Јужнобачког и Сремског округа, 355).

процеси секогаш кога недостасувале пишувани и други извори.

Во периодот на новата историја (нов и најнов век), раскажувањето на одделни сведоци било запишувано во вид на сеќавања, мемоари итн. Во мемоарите е изразен посебен интерес на личноста кон настаните, така што за историчарот тие имаат двојно значење. Прво, претставуваат извор на податоци за проучување на некоја појава или настан, и второ, тие во исто време можат да дадат целосен опис на некој историски настан или период. Поради тоа постојат различни определувања за вредноста на мемоарите. За некои историографи, мемоарите се историски извор, а за други историографско дело[12].

Петар Бицили разликува две основни категории на мемоари. Првиот тип мемоари, според него, се пишувани од некои автори за да ја задоволат нивната потреба да раскажат како живееле или живеат, да ги изразат своите чувства, радост, тага, негодување или низ раскажувањето уште еднаш да го проживеат сопствениот живот, пишувајќи сеќавања за него. Такви се мемоарите на: Бенвентуто Челини, Кардиналот Де-Рец, Херцогот Сен-Симон, Казанова, Карло Гоци и др. (сите наведени од XVI до XVIII век). Во овие мемоари до израз доаѓа примарното искуство, односно лично доживеаното минато со што се штити идентитетот на поединецот.

Вториот тип, макар и со многу општи внатрешни црти, го сочинуваат мемоарите на политичките дејци кои пишуваат поттикнати од сознанието за своите одговорности или од желбата на современиците и на потомството да им поднесат сметка за своите постапки или да ја заштитат од своја гледна точка нивната дејност определена од нивните политички убедувања, интереси и програма на нивната партија. Овој вид мемоари е распространет во поновата историја кога политичката дејност е јавна и бара посилно развиено чувство за одговорност. За нас се интересни мемоарите на Шатобријан, Гизо, Бизмарк, Черчил итн.. Во овој тип мемоари, покрај примарното искуство, присутно е и колективното сеќавање кое во одделни моменти претставувало и службено (организирано) сеќавање на времето или епохата во која дејствувале овие политички личности.

Како вид на пишувано сеќавање за одделно време, мемоарите можат да дадат повеќе податоци. Тие можат да донесат факти за настаните и тоа такви факти какви што не можат да се добијат од други извори. Мемоарите можат да дадат податоци за личните уверувања на писателот, потоа за тенденциозноста на настаните, за менталитетот итн. Преку нив можат да се дознаат врските меѓу одделни луѓе или

[12] Петреска, Даринка, Ачкоска, Виолета. 2007. исто, 13-14.

групи луѓе, односно да се осознаат патиштата на прераснување на примарното искуство во колективно. Поради сето тоа, мемоарите претставуваат важен историски извор преку кој се спречува амнезијатата за одделни настани за кои не било пожелно да се оставаат пишувани документи. Меѓутоа, при нивното користење мораме да бидеме крајно внимателни и да го разграничуваме она што е точно и објективно од она што е тенденциозно и субјективно. Оттука произлегува потребата од вршење на внатрешна критика на текстот.

Внатрешната критика на мемоарскиот текст ја вршиме на самиот текст и на начинот на искажување. Притоа е неоходно споредување со други извори за преку компарација да се дојде до автентичноста. Со примена на таквата анализа можеме правилно да постапиме кон мемоарот-споменот како историски извор. Во крајна линија мемоарот - споменот е секундарен извор. Но, сепак, податоците од мемоарите можат да ни послужат во целосната обработка на проблемот за кој нема доволно примарни извори.

Мемоарите имаат значење и како историографско дело. Како историографско дело тие ги толкуваат историските настани, но, и тука е неопходно толкување и разбирање на внесените податоци.

Исто така, мошне е важно да утврдиме кога е пишуван мемоарот. Поголемо значење имаат оние мемоари што се пишувани во времето кога се одвивал и самиот настан. Овде описот е автентичен и се потврдува фактот дека авторот се наоѓал во текот на самите настани. Затоа се вели дека таквото пишување е автентично. Мемоарите што се пишувани подоцна од настаните, губат од вредноста. Тука се работи за преботување на минатото во свеста на авторот, зашто со временската оддалеченост од случувањата, во самото толкување има примеси на новото време, односно на новото гледање кон минатото. Но, и покрај сето тоа, ако за односниот настан немаме други податоци, ги користиме и овие мемоари, со тоа што тука е потребно да се примени поголема критичност и споредување за да може да се утврди веродостојноста, односно да се види што е прикажано така како што се случило, а што е авторова интерпретација на она што се случило.

Во периодот на најновата историја развојот на новите технологии дава можности за најразлични видови записи на усната историја (од касетофонски, видеоленти, CD-ромот итн.).

Иако со текот на времето многукратно се зголемуваат изворите на информации и видовите како и количината на документи и извори за најновата историја, сепак, живиот збор не изгубил од своето значење. Имено, поради различни причини (воени услови, идеолошки и политички исклучивости итн.), кога одредени структури и групи во општеството пристапувале кон уништување на пишуваните траги за

своите дејства, усното презентирање на живи сведоци или на одделни актери во настаните добива посебна важност. Притоа, мораме да нагласиме дека најчесто документите даваат одредни факти кои можат да се вклопат во рамките на традиционалната историја, но, многу помалку го отсликуваат духот на времето, менталитетот, психологијата на учесниците во настаните, односно онаа историја којашто пулсирала заедно со животот на луѓето, нивните возвишувања и падови - живата историја. На тој начин примарното искуство (конвергира) се вклопува во создавањето на културата на сеќавање како историска култура на едно време и живеење на поединците во рамките на одредени општествени околности.

Така, на пример, за Холокаустот се достапни многубројни воени, цивилни и економски записи кои се од примарно значење, но, овие записи можат да се дополнат само со усната (орална) историја. Целиот грозоморен чин на отчовечената историја на Холокаустот, на еврејските страдања во логорите на смртта, не можеа да се доловат дури ни преку купиштата коски на жртвите, доколку не ги слушневме многубројните искази на преживеаните. На овој начин, една црна дупка од човековата историја може да биде сосема расветлена.

Податоците за демографските промени во Грција (во делот на Егејска Македонија) кажуваат многу, но, тоа би можело да биде поречнато и фалсификувано, како и многу други факти за грчкиот терор над Македонците, доколу преживеаните македонски борци и деца, раселени низ целиот свет, ја премолчеа својата лична трагедија.

Под притисок на политизацијата на историјата (барање на легитимитет на новите политички сили во ново организирано сеќавање за минатото), денес одредени историчари од албанскиот етнички корпус негираат дека балистите вршеле злодела и етничко чистење во западниот дел на Вардарска Македонија во текот на Втората светска војна како колаборционисти на фашизмот (италијанските и германските окупациски сили), истакнувајќи ја само нивната албанска национална кауза. Но, многубројните раселени семејства од Маврово, Леуново, Тресонче, Лазарополе, Осој итн. ја зачувале историјата од премолчување на вистината и од нејзино искривување. Всушност, тука станува збор за националната страна на сеќавањето.

На европската сцена по Втората светска војна националната страна на сеќавањето ја потиснуваше антифашизмот, така што заедничката антифашистичка насоченост беше и сè уште е, иако ослабена, важна основа на денешниот европски идентитет. Но, по 1989 година, крахот на историјата на студената војна, особено во Југоисточна Европа, довел до релативизација на антифашизмот, поттикнувајќи го шовинизмот и враќањато кон националното минато, за жал, често,

повеќе кон митовите отколку кон вистинската историја. Во правењето на конзервативна ревизија на сеќавањето се стигна дотаму што во името на патриотизмот одново се преоценуваа фашизмот и квинслинзите. Во источноевропските земји како Романија, Унгарија, Бугарија, во некогашните југословенски републики итн. се водеа многубројни дебати околу Антоанеску, Хорти, Недиќ, Власов, Павелиќ итн. и нивната рехабилитација[13]. Во Република Македонија се рехабилитираа балистичките водачи кои правеле злосторства во текот на Втората светска војна. Беа присутни и обиди за воздигнување на Ванчо Михајлов со селективен пристап кон историското помнење. Одделни политички личности се обидоа да го рехабилитираат со нагласување на неговата идеја за автономија која реално, според неговата концепција, била чекор на обединување на етничка Македонија кон Бугарија. Некои го занемаруваа фактот дека тој не се приклучил кон националноослободителната антифашистичка борба на македонскиот народ, чекајќи решавање на македонското прашање по победата на фашизмот/нацизмот и до крајот на својот живот се декларирал како Бугарин.

Паралено со оваа конзервативна ревизија на сеќавањето тече и обидот кој се прави од страната на Европската унија за изедначување на гледањето кон историјата преку нови заеднички јадра. Имено, во последниве 15-16 години се пројавија многубројни невладини организации и меѓународни универзитети, донации, стипендии итн. кои работат на најразлични проекти во помирувањето на историјата меѓу различните европски нации, особено кај оние од бившите социјалистички држави. Особено активна улога на овој план имаше европската асоцијација на наставниците по историја EURO-Clio, австриискиот Културен центар, Советот на Европа како и повеќе европски влади кои финансираа разни проекти. Нагласокот беше ставен врз историјата на секојдневниот живот, историјата на жената, на детството, на социјалниот живот итн. со цел да се надмине дотогашната преоптовареност со политичка историја[14]. На тој план особено важна улога одиграа сеќавањата како историски извор и исказите на луѓе кои припаѓале на различни идеолошки и политички опции, на различни етнички групи, верски конфесии, возрасти и пол.

[13] Kuljić, Todor, 2002. Prevladavanje prošlosti: uzroci i pravci promene slike istorije krajem XX veka, Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji, 74.

[14] Во проектите на EURO-Clio беа опфатени Русија, Молдавија, Украина, Романија, Бугарија, Албанија, Македонија, Србија итн. Беа изработени повеќе прирачници за наставници и додатни материјали за наставата по историја.

Еден од споменатите проекти на EURO-Clio, финасирана од холандската влада, се однесува на историјата на секојдневниот живот во Албанија, Бугарија и Македонија по Втората светска војна. Овој проект имаше цел да се изнајдат сличностите (кои се најизразени во индивидуалното сеќавање) и да се прифатат разликите (најприсутни во организираното, службено сеќавање) во овие три балкански држави во кои и комунизмот и транзицијата имаа многубројни допирни точки[15].

Постојните табу-теми во македонската историографија (прогон на ВМРО-групи и организации, колективизацијата на селото, Информбирото итн.), теми кои се однесуваа на прекумерната репресија над граѓаните, особено во периодот од 1945 до 1956 година во Народна Република Македонија, почнаа да се расветлуваат откако проговорија жртвите и живите сведоци. Така, примарното искуство (лично доживеаното минато) беше дополнително вградено во културата на сеќавање, а во одредени периоди тоа беше конвергентно со дел од владејачките структури служејќи како хомогенизирачки фактор во колективното (организирано) сеќавање.

Со методот на усната историја, денес се расветлува историјата на одредени општествени групи и појави кои биле запоставени од традиционалната историја, како на пример, хипи- движењето, феминистичките движења, мировните, антинуклеарните итн.

Свесни за значењето на сеќавањата како историски извор (усната историја) во историската реконструкција на процесите, појавите и улогата на личностите во најновата историја, историографите пристапиле кон разработка на методот на усната историја. Притоа, во користењето на овој метод можат да се уочат различни стартни позиции. Така, еден устен исказ може да биде повод за барање докази (извори од прв ред), или пак, правецот можел да биде обратен: изворите од прв ред како недоволни и недоискажани да го водат истражувачот кон дополнителни разговори (интервјуа) со живи сведоци или актери во настаните. Заради веродостојност, секогаш е потребно да се внимава на максимата adiatur altera pars. Тоа, всушност, е барање за мултиперспективност: дека нештата секој сведок или учесник ги гледал од свој агол, како лично доживеано минато. Затоа, истражувачот исто како и при барањето и консултирањето документи од различна провиниенција, треба да разговара со сведоци кои од различни агли го осветлуваат (гледаат) настанот. Со вкрстувањето на светлосните рефлексии

[15] *Understending a Shared past, Learning tor the Future*, EUROCLIO Project in Albania, Bulgaria and Macedonia (*Разбирање на поделеното минато, учење за иднината*). Euroclio, 2002.

од секој агол, со осознавањето на многубројните примарни искуства, историчарот може да дојде до колективното сеќавање во кое се содржи свесно или несвесно потиснување на одделни историски настани, појави, дејствување на историски личности, а сето тоа е патот кон приближно најверодостојната историска реконструкција на минатото и на настанот кој го истражува. Затоа, многукратно се потврдува исказот на Едвард Халет Кар дека вистината за едно општество (и време) можеме да ја дознаеме токму од она коешто историчарите не го напишале[16].

Сеќавањето, како колективното, така и индивидуалното, е дел од нашата традиција и идентитет. Бришењето делови од минатото, осиромашувањето на сеќавањето значи и губење на дел од идентитетот, или негово пренасочување, кое било присутно во одделни периоди од развојот на македонското општество, но, и во многу други средини. Осиромашениот идентитет обично се става во функција на градење на службеното сеќавање во кое историската свест се пренасочува во посакуван политички правец, односно во функција на обезбедување на историски легитимитет на актуелните владејачки структури.

[16] Види: Халет, Едвард, Кар, 1990. Што е историјата, Скопје: Култура.